**20252595008**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 19-а став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТРИТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на верификација на средното училиште и за начинот на водењето на регистрите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/07 и 98/13), во член 2 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За верификација на промена на статусот, називот и/или седиштето на средното училиште, се доставува барање од страна на средното училиште најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.“

Член 2

Во член 3 во ставовите 2 и 3 зборовите „Центарот за стручно образование и обука“ се заменуваат со зборовите „Центарот за развој на стручното образование“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-16002/1
19 декември 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.